**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ**

(Службен весник на РСМ, бр. 77 од 6.4.2021 година)

Член 1

Во Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на Република Македонија" број 77/2003, 54/2007, 48/10, 67/10, 17/11, 135/11, 187/13, 154/15 и 23/16), во членот 1, член 2 став 1 точки 1, 2 и 3, член 3, член 7 став 1 точки 6) и 8), член 12 став 1 точка 5), член 19 и член 20 став 1 зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 2

Во член 37 во ставот 1 во воведната реченица зборовите: „1.500 евра" се заменуваат со зборовите: „1.000 до 1.500 евра".

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за давателот на услуга брз трансфер на пари" се заменуваат со зборовите: „300 евра во денарска противвредност".

Член 3

Во член 37-а во ставот 1 во воведната реченица зборовите: „2.500 евра" се заменуваат со зборовите: „2.000 до 2.500 евра".

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за давателот на услуга брз трансфер на пари" се заменуваат со зборовите: „400 евра во денарска противвредност".

Член 4

Во член 37-б во ставот 1 во воведната реченица зборовите: „3.000 евра" се заменуваат со зборовите: „2.000 до 3.000 евра".

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за давателот на услуга брз трансфер на пари" се заменува со зборовите: „500 евра во денарска противвредност".

Член 5

Во член 37-в во ставот 1 зборовите: „25 до 50 евра" се заменуваат со зборовите: „25 евра".

Во ставот 2 зборовите: „25 до 50 евра" се заменуваат со зборовите: „25 евра".

Член 6

Во член 38 во ставот 1 во воведната реченица зборовите: „1.000 евра" се заменуваат со зборовите: „800 до 1.000 евра".

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за субагентот" се заменува со зборовите: „200 евра во денарска противвредност".

Член 7

Во член 38-а во ставот 1 зборовите: „1.500 евра" се заменуваат со зборовите: „1.000 до 1.500 евра".

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за субагентот" се заменуваат со зборовите: „300 евра во денарска противвредност".

Член 8

Во член 38-б во ставот 1 во воведната реченица зборовите: „2.500 евра" се заменуваат со зборовите: „2.000 до 2.500 евра".

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за субагентот" се заменуваат со зборовите: „400 евра во денарска противвредност".

Член 9

Членот 38-в се менува и гласи:

„За сторените прекршоци од овој закон, овластени лица за спроведување на контрола, при констатирање на прекршокот се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

Советот на Народната банка ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.".

Член 10

Подзаконскиот акт предвиден во овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето на сила на овој закон.

Член 11

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегување во сила на овој закон ќе завршат според Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на Република Македонија" број 77/2003, 54/2007, 48/10, 67/10, 17/11, 135/11, 187/13, 154/15 и 23/16).

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".